**Правилник**

**за водење постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер**

## 1. Намена и цел на постапката

Со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации, целта е да им се овозможи на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. ЈУОДГ,,ФЕМО КУЛАКОВ,,Неготино согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е имател на информации, а информација од јавен карактер е информација во било која форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно неговите надлежности.

## 2. Форма на Барањето:

Барањето за пристап до информации од јавен карактер може да биде писмено, усно или во електронска форма. Барателот е должен во барањето да се произнесе за начинот на натамошната комуникација со имателот на информацијата. Барањето треба да содржи назив на имателот на информацијата, личното име и презиме на барателот на информацијата, податоци за можниот застапник/полномошник на физичкото или правното лице. Доколку физичкото или правното лице има застапник/полномошник во прилог треба да се достави полномошното. Во Барањето барателот е должен да ја наведе информацијата со која сака да се запознае и на кој начин (увид, препис, фотокопија, електронски запис). Доколку барањето е поднесено писмено преку Архивата на ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино или пак во електронска форма задолжително треба да биде потпишано од барателот на информацијата.

За усно Барање за пристап до информации од јавен карактер обратете се на телефонски број 043/361-652, писменото Барање испратете го на ул. Киро Крстев бр. 16, и Барањето за пристап до информации од јавен карактер во електронска форма испратете го на електронската адреса:femokulakov@yahoo.com

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер во ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино е лицето Горан Алтанџиев.

## 3. Постапување по Барањето

Законскиот рок да се одговори на Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер е 20 дена, со можност за продолжување најмногу до 30 дена од денот на поднесување на Барањето. За продолжување на рокот службеното лице за посредување со информации на ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино е должно да Ве извести најдоцна 7 дена од денот на приемот на Барањето. Доколку имателот на информацијата позитивно одговори на Барањето веднаш му овозможува на барателот запознавање со содржината на бараната информација и тоа со увид, препис, фотокопија или електронски запис. Ако имателот на информации позитивно одговори на Барањето или ако делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе Решение.

Доколку имателот на информацијата ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино не располага со бараната информација веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена од денот на приемот на Барањето, ќе го препрати Барањето до имателот на информацијата, кој според содржината на Барањето е имател на информацијата и за тоа ќе го извести барателот. Во овој случај рокот за добивање на информацијата почнува да тече од денот на добивањето на Барањето кај имателот на информацијата на кој му е препратено Барањето.

4. **Дополнување на Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер:**

Ако Барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино не може да постапува, ќе побара од барателот на информацијата да го дополни Барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни Барањето во рок од 3 дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на Барањето. Службеното лице ќе му понуди соодветна помош на барателот за дополнување на Барањето. Ако барателот не го дополни Барањето, службеното лице со Решение ќе го отфрли Барањето.

5. **Одбивање на Барањето:**

Имателот на информацијата со Решение може во целост или делумно да го одбие Барањето ако утврди дека бараната информација е информација од членот 6 од од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Р. С. Македонија" бр.101/19). Доколку ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино го одбие Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, за тоа ќе изготви Решение кое ќе го прати до барателот на информацијата. Во Решението мора да е образложена причината за одбивање на Барањето.

6. **Жалбена постапка:**

Против Решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил Барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Барателот има право да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер кога имателот на информацијата не ги испочитувал роковите од Законот

за слободен пристап до информациите од јавен карактери или доколку не е задоволен од одговорот или добиената информација од имателот на информацијата. Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер решава по жалбата на Барателот во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата, доколку Агенцијата во овој рок не донесе Решение, а не го донесе ни во рок од 7 дена по повторното Барање, барателот може да поведе управен спор.

Имателот на информацијата е должен да го спроведе Решението на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

За повеќе информации погледнете го Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Р. С. Македонија“ бр.101/19) .

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Горан Алтанџиев

ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино

В.д Директор

Елизабета Димова

________________